АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА
Су.бр.0301-48/09
08.03.2010 година
Б И Т О Л А

**Д О Г О В О Р**

Составен на ден 08.03.2010 година помеѓу:

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

**1. АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА** застапуван заменикот на Претседателот на судот судијата БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ како нарачател на набавката/во понатамошниот текст нарачател / од една страна и

**2. ДПТУ„ ПУЦКО ПЕТРОЛ “ од Македонски Брод** застапувана од АБИП МИРТОСКИ како извршител на набавката /во понатамошниот текст извршител/ од друга страна.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ:**

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на **екстра лесно масло за греење ЕЛ-1** , согласно Одлуката на Претседателот на Апелациониот суд Битола Су.бр.0301-48/10 од 25.01.2010 година и отворениот повик бр.1/2009 од 0д 26.01.2010 година.

Член 2

Вкупната вредност на набавката од чл.1 од овој договор изнесува 1.200.000 /еден милион и двеста илјади денари/ по сите позиции од доставената понуда со искажан ДДВ.

Член 3

Начинот на спроведување на договорот ќе се извршува сукцесивно по потреба на нарачателот.

Член 4

Носителот на набавката се обврзува да изврши испорака на екстра лесно масло за греење ЕЛ-1 на Апелациониот суд Битола по понудената цена која е за 3,00 денари пониска од утврдената цена на екстра лесното масло за греење ЕЛ-1 што ја утврдува Регулаторната комисија при Владата на Република Македонија на денот на испораката, до колку се почитуваат роковите за плаќање.

Член 5

Носителот на набавката гарантира за квалитетот на испорачаното гориво, согласно важечките стандарди во Република Македонија.

Член 6

Нарачателот го задржува правото да врши контрола на испорачаното екстра лесно масло ЕЛ-1 со вообичаените методи и со мерење на возилото кое врши истовар.

Член 7

Носителот на набавката се обврзува испораката да ја изврши веднаш по направената порачка.

Член 8

Начинот на плаќање нарачателот ќе го изврши, по фактура од извршителот на набавката доставена до Судот во рок од 20 дена од денот на фактурирањето.

Член 9

Овој договор е составен во 5/пет/еднакви примероци од кои еден за извршителот на набавката.

ДОБАВУВАЧ НАРАЧАТЕЛ

____________________ ____________________